

## ДЕЛ ОД ЖИВОТОТ И ПОСТИГНУВАЊАТА НА АРХИЕПИСКОПОТ НА МПЦ-ОА Г.Г. МИХАИЛ

Во врска со улогата на свештеникот Михаил Гогов (архиепископ г.г.Михаил) во македонското иселениште во Австралија треба да се нагласи следното:

МПЦ-ОА што дејствува во Австралија, има своја Епархија уште од времето кога митрополитот г. Кирил беше надлежен архиерej за Американско-канадаско-автралиската епархија, како значајно духовно и културно просветно тело. Таа ги штити, ги организира и ги афирмира сите македонски црковно-патриотски интереси и потреби, овозможувајќи им на македонските доселеници од сите делови на Македонија да ја чувствуваат националната и црковната слобода.

Епархијата обезбедува услови за сè поголема афирмација на целокупното културно наследство и современиот напредок на македонскиот народ. Тоа е потврдено и од австралиската влада, која Македонците ги смета за одделен народ со свој национален идентитет и со заслуги за културниот развој и претставува жив мост за пријателските односи меѓу Македонија и Австралија.

Според делото на авторот на овие редови „Македонските православни црковни општини во Австралија, Канада и САД”, „Нова Македонија” 1991 година, Австралиско-македонската црковна епархија е формирана со одлука на Светиот архиерејски синод на МПЦ-ОА со цел да ги продлабочи врските и да ја јакне љубовта меѓу македонсктие доселеници во Австралија со Татковината и со Црквата.

Во почетокот беше заедничка за САД, Канада и Австралија, како Американско-канадска-австралиска црковна епархија, кога во 1969 година, за прв архиерej на заедничката епархија беше избран митрополитот г. Кирил. Од есента 1981 година, за архиерej на Австралиската епархија е избран митрополитот г. Тимотеј. Во 1995 година, пак, за надлежен архиерej за Австралиската епархија беше избран митрополитот Петар.

Меѓутоа, судските процеси кои, за жал, се водеа дваесеттина години и се водат, во аналите на Македонската православна црква, Охридска архиепископија ќе останат како црна дамка во црковното живеење не само на црквата „Света Петка” од Сиднеј, туку и на десетина други македонски православни цркви кои оставија свој белег за црковното живеење на Македонците на петтиот континент.





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**